# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| Службен гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 25 Мај . 2011 год. Скопје Бр. 6 Год. VI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. **Јавен повик за доделување на договор за Јавно Приватно Партнерство за изградба на административно - деловен објект и подземен паркинг простор...........................................стр. 1**


**Скопје, Мај 2011 година**

Република Македонија

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Врз онова на Одлуката за започнување на постапка за јавно приватно партнерство бр. 07-238/6 од 02.02.2011 година („Службен Весник на Р.Македонија„ бр.20/2011 и „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр.2/2011) и член 43 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 07/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010), Општината Ѓорче Петров, преку Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство, го објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА АДМИНИСТРАТИВНО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ И ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

1.1.Предмет на јавното приватно партнерство е изградба на административно деловен објект со бруто површина од 15.000 $м^2$ на зграда со административен и деловен простор (6.000 м2 административен простор и 9.000 м2 деловен простор) и најмалку 16.000 $м^2$ подземен паркинг простор.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНИОТ ПАРТНЕР

2.1. Јавниот партнер е Општина Ѓорче Петров, со седиште на ул.Ѓорче Петров б.б.1060 Скопје, Република Македонија, телефон за контакт 00389 2 20 39 307; 00389 2 20 45 658, факс 00389 2 20 33 309, е – пошта opstinagpetrov@yahoo.com, лица за контакт Димитар Руменов за техничките работи и Бранкица Гацова за правните работи.

## 3. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

3.1. Јавното приватно партнерство ќе се реализира со заедничка градба на административно–деловниот објект и подземниот паркинг простор од точка 1 на овој Јавен повик, при што Општина Ѓорече Петров стекнува право на сопственост на административен простор кој претставува 40% или 2/5 идеален дел со бруто површина од 6.000 м2, од административно-деловниот објект, како и сопственост на 40 паркинг места.

3.2. За возврат на вложените финансиски средства приватниот партнер добива имотна корист, односно стекнува право на сопственост на идеален дел од градежниот објект со бруто површина од 9.000 м2 или 60 % или 3/5 идеален

дел од вкупната површина на целиот административно деловен објект, како и право на сопственост на паркинг простор од најмалку 16.000 м2, освен 40 паркинг места, како и евентуално право на ЈПП надоместок за одреден период на време (во зависност од понудата).

3.3.Финансирањето и изградбата на административно – деловниот објект и подземниот паркинг простор од точка 1 на овој Јавен повик во целост се на товар и ризик на Приватниот партнер.

## 4. ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

4.1. Проценетата вредност на јавното приватно партнерство изнесува 12.651.295,00 евра.

## 5. ВИД НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

5.1. Постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство ќе се спроведе по пат на отворена постапка.

## 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

6.1. Право на учество на јавниот повик имаат домашни и странски физички и правни лица, како и група на понудувачи (конзорциум) под услови утврдени со Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство и тендерската документација.
6.2. Понудувачот (физчко или правно лице) може да ангажира подизведувачи. Во тој случај понудувачот е должен да ја достави документацијата со која ќе докаже дека подизведувачот ги исполнува условите во поглед на :
-личната состојба
-способноста за вршење професионална дејност,
-техничката или професионална способност.
Понудувачот, без разлика дали е лиценциран за градење и проектирање или не, доколку ангажира подизведувач(и) е должен во својата понуда да ги наведе деловите на понудата кои ќе ги отстапи на извршување на подизведувач(и).

## 7. НАЧИН И АДРЕСА НА ПОДИГНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАДОМЕСТ ЗА НЕЈЗИНО ПОДИГНУВАЊЕ

7.1. Тендерската документација може да се подигне секој работен ден во архивата на општина Ѓорче Петров ул.Ѓорче Петров б.б.1060 Скопје, Република Македонија.

7.2. Тендерска документација може да подигне било кој заинтересиран понудувач, откако ќе уплати паричен надомест во износ 100,00 ЕУР во денарска противвредност според официјалниот курс на НБРМ на денот на уплатата на средствата.

7.3. Понуди можат да достават само понудувачи кои ја имаат подигнато тендерската документација

## 8. РОК, АДРЕСА, НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

8.1. Краен рок за доставување на понудите е ________2011 година до _______часот по локално време.

8.2. Понудите се доставуваат преку пошта или директно во архивата на општина Ѓорче Петров Ул. Ѓорче Петров б.б.1060 Скопје, Република Македонија.

8.3. Понудувачот го поднесува оригиналниот примерок на Понудата (образец бр 2) во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „понуда„ во горниот лев агол.

8.4.Документите за утврдување на способност на понудувачите се поднесуваат во посебен запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „документи за утврдување на способноста „ во горниот лев агол.

8.5.Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на Јавниот партнер;
- го содржи бројот на јавниот повик; и
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“ ( да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите).

**Надворешниот плик да не содржи податоци за понудувачот.**

8.6.Ако пликовите не се запечатени и обележани како што се бара, Јавниот партнер не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.
8.7. Понудата која е поднесена по истекот на рокот утврден во точка 8.1. ќе се отфрли како ненавремена и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена.

## 9. ЈАЗИК НА ПОНУДАТА

9.1. Понудата се изготвува и доставува на македонски јазик на образец на понуда кој е даден во прилог на тендерската документација, на начин и под услови утврдени со овој јавен повик и тендерската документација.

## 10. ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

10.1.Периодот на важност на понудата изнесува 250 дена од денот на поднесувањето на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

10.2.Понудите кои содржат пократок период на важност од периодот утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## 11. ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО

11.1. Како дел од понудата понудувачот обезбедува гаранција за учество (гаранција на понудата) во вид на банкарска гаранција, во висина од најмалку 2% од проценетата вредност на ЈПП проектот (најмалку 253.026,00 ЕУР).

## 12. КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ

12.1. За да учествуваат во постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство, односно за да може понудите да се оценуваат/евалуираат, понудувачите треба да се селектирани за подобни, за што мора да достават придружна документација со која ќе ја докажат:
-личната состојба;
-способноста за вршење професионална дејност;
-економската и финансиска состојба и
-техничката или професионална способност,

Подетални информации се дадени во тендерската документација.

## 13. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

13.1. Критериуми за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавно приватно партнерство се економски најповолна понуда со следните елементи :

| Ред.бр. | Елемент | Бодови кога понудувачот не бара ЈПП надомест | Бодови кога понудувачот бара ЈПП надомест |
|---|---|---|---|
| 1. | Висина на ЈПП надоместок кој Јавниот партнер ќе го плаќа на Приватниот партнер | 50 | 40 |
| 2. | Период на плаќање на ЈПП надоместок | 40 | 40 |
| 3. | Рок за изградба на административно деловниот објект | 10 | 10 |

Подетални информации се дадени во тендерската документација.

**14. ПРЕКИНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

14.1. Јавниот партнер,согласно Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство може да донесе одлука за прекин на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство во следните случаи:

- содржината на понудите не одговара на барањата содржани во јавниот повик;
- отпадне потребата од спроведување на постапката како резултат на околности кои не биле познати, ниту можеле да бидат познати во моментот на донесувањето на одлуката за отпочнување на постапката;
- се утвдат неправилности и нерегуларности при спроведувањето на постапката за доделување на договорот на јавно приватно партнерство кои не можат да бидат отстранети без притоа да се променат условите по кои е спроведена постапката и
- прворангираниот кандидат се откаже од склучување на договорот за јавно – приватно партнерство.

**15. ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

15.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на _____________2010 година во _____часот во просториите на Општина Ѓорче Петров, во присуство на овластени претставници на понудувачите.

**16. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

13.1. Тендерската документација може да се подигне секој работен ден во архивата на општина Ѓорче Петров, Ул. Ѓорче Петров б.б. Скопје, Република Македонија.

13.2. Тендерска документација може да подигне секој заинтересиран понудувач, откако ќе уплати паричен надомест во износ од 100 евра во денарска противвредност според официјалниот курс на НБМ на денот на уплатата, на Општина Ѓорче Петров – Скопје, на Трезорска сметка: 100000000063095 - Депонент на НБРМ, сметка на корисник: 778014118163012, Приходно конто : 724125.

13.3. Понудувачите, странски физички и правни лица паричниот надомест во износ од 100 евра за подигање на тендерската документација треба да го уплатат согласно следните податоци :

**Corespondent bank details (:56:):**
**DEUTSCHE BUNDESBANK ZENTRALE**
**Adress: Wilhelm Epstein strasse 14**
**Frankfurt am Main GERMANY**
**SWIFT BIC: MARK DE FF**

**Bank details (:57:):**
**NACIONAL BANK OF THE REPUBLIK OF MACEDONIA,**
**Adres: Bul. “Kuzman Josifovski Pitu” br.1**
**1000 Skopje MACEDONIA**

**SWIFT BIC: NBRM MK 2X**

**Final beneficiary (:59:):**
**IBAN: 07100701000070107**
**Name: Opstina Gorce Petrov**

13.2. Понуди можат да доставаат само понудувачи кои ја имаат подигнато тендерската документација.

**Бр. __________**
**_______________**
**С к о п ј е**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за ЈПП**
**Претседател**
**Бошко Стојанов с.р.**